Група Термини

# Уметнички имунитет

¶
¶
¶
¶
¶

Алдо Милохниќ, словеначки теоретичар на уметноста го анализира поимот уметнички имунитет во истоимено поглавје од книгата Teorija sodobnego gledališča in performansa (Теорија на современиот театар и на перформансот)[1] во блокот „Strateški dispozitivi: umetnost in vladavina prava" vrz неколку неодамнешни примери од словеначката уметничка сцена испитувајќи ја (правната) автономија на уметноста во неолибералното капиталистичко општествено уредување.[2] Терминот уметнички имунитет настана со комбинирање на терминологијата од уметноста и правото, односно на правната теорија и практика, во која на личностите кои вршат одредени општествени функции, им е дозволено да побараат изземање од одредени правни нормативи. Правниот имунитет не може да се додели на поединецот, туку исклучиво на функцијата која тој поединец ја извршува, па така постојат дипломатски, претседателски или имунитет на сведок. Значи, уметничкиот имунитет е термин кој се однесува на исклучителноста на позицијата на уметникот, како општествен субјект според прецизните правни основи на уметноста како (автономна) уметничка практика, покрај загарантираната слобода на мислењето и изразувањето кои се однесуваат на сите граѓани.

¶

Поимот уметнички имунитет станува значаен за контекстуалната и интервентната уметност, зашто акцијата препознаена и легитимирана како уметнички чин од страна на институциите на светот на уметноста, во некои случаи е изземена од правно гонење. Како пример, го наведуваме проектот Crn peristil на Игор Грубиќ (http://www.pp-yu-art.net/node/25) во кој потврдата од страна на Здружението на ликовни уметници и Заводот за зачувување на културното наследство го ослободија уметникот од правното гонење иницирано од полициското Одделение за воени злосторства и тероризам.[3] Меѓутоа, ова мешање на уметноста и тероризмот во време на „криза" често доведува до „суспензија" на уметничкиот имунитет (заедно со ограничувањето на граѓанските права и слободи – како после нападот на Светскиот трговски центар во 2001 година во САД), па на пример Стив Курц од Critical Art Ensemble беше обвинет за биотероризам и ослободен од обвинението после четири години судски процес.[4]

1// Aldo Milohnić, Teorija sodobnego gledališča in performansa, Maska, Ljubljana: 2009.
2// Ana Vujanović, „Beleške na marginama interdisciplinarnih teorija savremenog teatra i performansa" http://www.tkh-generator.net/sr/openedsource/aldo-milohnic-teorije-savremenog-teatra-i-performansa

3// Сузана Марјаниќ, разговор со Игор Грубиќ, "Aktivizmom protiv crne mrlje na duši", Zarez br. 219, 29.11.2007. http://www.zarez.hr/219/kazaliste3.html
4// Повеќе за процесот http://www.caedefensefund.org/overview.html

ТАБАК 1/а Уметнички имунитет
ТАБАК 1/б Уметнички имунитет
во создавање
издание